ХОТЕЛСКО УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" А.Д.
Бр. 02-1317
15.04.2020 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

**од редовната Годишна седница на Собранието на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје, ул. "Филип Втори Македонски" бр. 5, Скопје, одржана на ден 15.04.2020 година со почеток во 12,00 часот во просториите на Хотел "Холидеј Ин" – Скопје**

Седницата на Собранието на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје ја отвори Мирјана Куцуловска, Претседавач со минатогодишната седница на Собранието на акционери на Друштвото, која најпрвин ги поздрави присутните на Собранието, како и присутните членови на Управниот одбор, Соња Бибановска и Мирјана Таневска - Ефремова.

Пред отпочнување со работа на Собранието, Претседавачот на Собранието констатираше дека Јавен повик за учество на редовна годишна седница на Собранието на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје е објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на ден 13.04.2020 година, како и на интернет страната на "Македонијатурист" АД Скопје www.makedonijaturist.com.mk, согласно членот 387 став 3 од Законот за трговските друштва.

Понатаму, Претседавачот на Собранието констатираше дека Друштвото на ден 24.03.2020 година со објава на интернет страната на Системот за електронско известување од котирани акционерски друштва СЕИ НЕТ и на интернет страната на Друштвото објави Известување со кое ги повика своите акционери да го остварат правото на гласање на Собранието на акционери на Друштвото закажано за ден 15.04.2020 година по пат на писмена кореспонденција.
Друштвото постапи на овој начин со цел да се обезбеди успешно одржување на закажаното Собрание на акционери без физичко присуство на акционерите, со што истовремено успешно се испочитуваа препораките на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија за спроведување на мерките за спречување ширење на COVID-19.
Обрасци за гласање со детални инструкции за ваквиот начин на гласање на Собранието на акционери беа поставени на официјалната интернет страна на "Македонијатурист" АД Скопје www.makedonijaturist.com.mk на ден 24.03.2020 година.

Пред отпочнување со работа на Собранието, направен е увид во Акционерската книга на "Македонијатурист" АД Скопје со состојба на ден 13.04.2020 година, при што е утврдено дека вкупниот број на издадени обични акции изнесува 452.247, од кои акции со право на глас се 407.022, додека 45.225 акции се сопствени акции на друштвото без право на глас.

Членот на Управен одбор Мирјана Таневска - Ефремова го извести Претседавачот на Собранието дека до ден 14.04.2020 година до 16.00 часот, во седиштето на "Македонијатурист" АД Скопје на ул. „Филип Втори Македонски" бр. 5, Скопје се пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма преку кои се претставени вкупно 100 акционери со вкупно 280.816 обични акции со право на глас кои заедно сочинуваат 68,99% од вкупниот број на акции со право на глас.
Врз основа на извршената споредба на пристигнатите уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма со состојбата на Акционерската книга добиена од Централниот депозитар на хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на Собранието, Претседавачот констатираше дека се исполнети законските и статутарните услови за почеток, работа и одлучување на Собранието на акционери.



В.Боросска

Согласно погоре наведеното, Претседавачот истакна дека со оглед на фактот дека точките од дневниот ред, одлуките и материјалите се веќе објавени на 13.03.2020 година заедно со Јавниот повик за Годишното Собрание на акционери се предлага Собранието да работи по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

**Процедурален дел:**

1. Отварање на Собранието;
2. Избор на верификациона комисија и бројач на гласови;
3. Избор на Претседавач со Собранието;

**Работен дел:**

1. Извештај од верификационата комисија;
2. Усвојување на записникот ОДУ Бр. 118/19 од 08.05.2019 година изготвен од Нотар Кристина Костовска од Скопје;
3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2019 година, со предлог одлуки:

   Годишна сметка и финансиски извештаи на "Македонијатурист" АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2019 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година;

   Годишна сметка и финансиски извештаи на "Македонијатурист" АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2019 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење;
   - Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година, ревидирани од овластен ревизор;

   Годишен извештај за работењето на Друштвото во 2019 година, со Мислење од овластен ревизор;
   - Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2019 година;

4. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2019 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2019 година;

5. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2019 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2019 година;

6. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2019 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2019 година;

7. Донесување одлука за распределба на добивка за годината која завршува на 31.12.2019 година;
   - Предлог одлука за распределба на добивка за годината која завршува на 31.12.2019 година;

8. Донесување одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар за 2019 година;
   - Предлог одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар за 2019 година;

9. Донесување одлука за избор на овластен ревизор за 2020 година;
   - Предлог одлука за избор на овластен ревизор за 2020 година.

Претседавачот на Собранието ги информираше присутните дека, согласно член 390 од Законот за трговските друштва, во законски предвидениот рок од 8 дена од денот на објавување на Јавниот повик во дневен весник не е пристигнато барање за вклучување на нови точки во дневниот ред.
Со оглед на фактот дека се пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма од вкупно 100 акционери со вкупно 280.816 обични акции со право на глас кои заедно сочинуваат 68,99% од вкупниот број на акции со право на глас во кои истите веќе гласале по предложените точки од дневниот ред од Јавниот повик, се констатира дека предложениот дневен ред е едногласно усвоен.

**<u>Процедурален дел:</u>**

По усвојување на дневниот ред, се пристапи кон избор на Верификациона комисија и Записничар. Од страна на Претседавачот на Собранието е даден предлог за членови на верификационата комисија да се изберат акционерите: Владо Богдановски, Мицко Гилевски и Иван Шаревски, а записничар да биде Раде Орцановски, правник во друштвото.
Се констатира дека предлогот е едногласно усвоен, така што во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА", односно 280.816 гласа „ЗА" (100%), 0 гласа „ПРОТИВ" (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН" (0%).

Понатаму, се пристапи кон избор на бројач на гласови. Од страна на Претседавачот на Собранието беше даден предлог за бројач на гласови да се избере акционерот Васка Богоеска.
Се констатира дека предлогот е едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА", односно 280.816 гласа „ЗА" (100%), 0 гласа „ПРОТИВ" (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН" (0%).

Потоа се пристапи кон избор на Претседавач на редовната Годишна седница на Собранието на акционери од 15.04.2020 година. За Претседавач на Собранието од присутните е предложена Мирјана Куцуловска.
Се констатира дека предлогот е едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА", односно 280.816 гласа „ЗА" (100%), 0 гласа „ПРОТИВ" (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН" (0%).

## Работен дел:

**1.**

Претседавачот на Собранието на акционери го прочита Извештајот утврден од верификационата комисија, истакнувајќи дека на денешната седница на Собранието на акционери на „Македонијатурист" АД Скопје по објавениот Јавен повик за гласање по пат на кореспонденција и пребројување на пристигнатите писмени обрасци со гласови од акционерите, се констатира дека до ден 14.04.2020 година во 16:00 часот во седиштето на Друштвото се пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма од вкупно 100 акционери со вкупно 280.816 обични акции со право на глас кои заедно чинат 68,99% од вкупниот број на акции со право на глас.

Извештајот утврден од Верификационата комисија со листа на акционери од кои има пристигнато уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма, во која се наведени името и презимето односно фирмата на акционерот, како и бројот на акции кои истиот ги поседува согласно Акционерска книга на Друштвото од ден 13.04.2020 година е потпишан од членовите на Верификациската комисија, Претседавачот со Собранието и Записничарот.
Со тоа се констатира дека се исполнети законските и статутарните услови за работа и одлучување на Собранието на акционери по усвоените точки од дневниот ред.

**2.**

Како втора точка на дневниот ред се пристапи кон усвојување на Записникот од Собранието на Акционери на „Македонијатурист" АД Скопје ОДУ Бр. 118/19 од 08.05.2019 година изготвен од Нотар Кристина Костовска од Скопје. Нотар Кристина Костовска беше записничар на минатогодишната седница, а записникот, потпишан, беше достапен на увид на акционерите на начин што беше поставен како материјал на официјалната интернет страна на Друштвото.

Се констатира дека предлогот по втората точка од дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА", односно 280.816 гласа „ЗА" (100%), 0 гласа „ПРОТИВ" (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН" (0%).

**3.**

Што се однесува до третата точка од дневниот ред, односно разгледување и одобрување на Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2019 година, со предлог одлуки, Претседавачот на Собранието посочи дека во овие извештаи е прикажано целокупното работење и остварување на активноста на Друштвото за извештајниот период односно за деловната 2019 година. Воедно, овие извештаи се дел од материјалите кои беа подготвени и достапни на увид на учесниците на Собранието на акционери на тој начин што беа објавени на интернет страната на Системот за електронско известување од котирани акционерски друштва СЕИ НЕТ и на официјалната интернет страна на Друштвото.

Се констатира дека предлогот по третата точка од дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА", односно 280.816 гласа „ЗА" (100%), 0 гласа „ПРОТИВ" (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН" (0%).

Претседавачот на Собранието констатираше дека се усвоени предлог одлуките и дека едногласно се донесени следните одлуки:

**- Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година;**
**- Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година, ревидирани од овластен ревизор;**
**- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2019 година.**

**4.**

Во врска со четвртата точка од дневниот ред, односно разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2019 година, се констатира дека овој Извештај е дел од материјалите кои беа подготвени и достапни на увид на учесниците на Собранието на акционери на тој начин што беа објавени на интернет страната на Системот за електронско известување од котирани акционерски друштва СЕИ НЕТ и на официјалната интернет страна на Друштвото.

Се констатира дека предлогот по четвртата точка од дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА", односно 280.816 гласа „ЗА" (100%), 0 гласа „ПРОТИВ" (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН" (0%).

Претседавачот на Собранието констатираше дека беше усвоена предлог одлуката и донесена следната одлука:

**- Одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2019 година.**

**5.**

По однос на петтата точка од дневниот ред, односно разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2019 година, се констатира дека овој Извештај е дел од материјалите кои беа подготвени и достапни на увид на учесниците на Собранието на акционери на тој начин што беа објавени на интернет страната на Системот за електронско известување од котирани акционерски друштва СЕИ НЕТ и на официјалната интернет страна на Друштвото.

Се констатира дека предлогот по петтата точка од дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА", односно 280.816 гласа „ЗА" (100%), 0 гласа „ПРОТИВ" (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН" (0%).

Претседавачот на Собранието констатираше дека беше усвоена предлог одлуката и донесена следната одлука:

**- Одлука за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2019 година.**

**6.**

Во врска со шестата точка од дневниот ред, односно разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2019 година, се констатира дека овој Извештај е дел од материјалите кои беа подготвени и достапни на увид на учесниците на Собранието на акционери на тој начин што беа објавени на интернет страната на Системот за електронско известување од котирани акционерски друштва СЕИ НЕТ и на официјалната интернет страна на Друштвото.

Се констатира дека предлогот по шестата точка од дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА", односно 280.816 гласа „ЗА" (100%), 0 гласа „ПРОТИВ" (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН" (0%).

Претседавачот на Собранието констатираше дека беше усвоена предлог одлуката и донесена следната одлука:

**- Одлука за одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2019 година.**

**7.**

Во врска со седмата точка од дневниот ред, односно разгледување и одобрување на одлуката за распределба на добивката за годината која завршува на 31.12.2019 година, Претседавачот на Собранието појасни дека со предложената одлука е опфатена нето добивката по оданочувањето во износ од 106.107.506,00 денари, која се предлага да се распредели на следниот начин:

- Дел за инвестиции во износ од 106.107.506,00 денари;
- Средствата издвоени од добивките за Законски резерви од оданочените добивки до 2008 година, кои го надминуваат износот над предвидениот законски минимум од 10% од капиталот согласно ЗТД да се распределат во Акумулирани добивки до 2008 година;
- Средствата издвоени во минатите години од добивките по оданочување наменети за реинвестирана добивка по Одлука на Собранието на акционери на Друштвото кои не се искористени за даночно ослободување да се распределат во Акумулирани добивки за соодветната оданочена година;
- Исплатата за дивиденда за 2019 година во износ од 92.393.994,00 денари, ќе се надокнади од Акумулирани добивки до 2008 година;
- Дополнителните издатоци по одлука и Статут, во бруто износ од 16.505.640,00 денари ќе се распределат со одлука на Надзорниот одбор на Друштвото, во која ќе бидат утврдени поединечните износи на овие издатоци, според проценка на вложен труд и постигнати резултати;
- Износот од 16.505.640,00 денари ќе се надокнади од нераспределените Акумулирани добивки до 2008;
- Средствата за награди за Надзорниот одбор во бруто износ од 1.250.000,00 денари ќе се исплатат на товар на трошоците на Друштвото. Поединечната распределба на средствата на членовите на Надзорниот одбор, ќе се изврши со посебна одлука.

Потоа, Претседавачот на Собранието констатираше дека материјалите за оваа точка од дневниот ред беа подготвени и достапни на увид на учесниците на Собранието на акционери на тој начин што беа објавени на интернет страната на Системот за електронско известување од котирани акционерски друштва СЕИ НЕТ и на официјалната интернет страна на Друштвото.

Се констатира дека предлогот по седмата точка од дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА“, односно 280.816 гласа „ЗА“ (100%), 0 гласа „ПРОТИВ“ (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН“ (0%).

Претседавачот на Собранието констатираше дека беше усвоена предлог одлуката и донесена следната одлука:

**- Одлука за распределба на добивка за годината која завршува на 31.12.2019 година.**

**8.**

Што се однесува на осмата точка од дневниот ред, односно разгледување и одобрување на одлука за исплата на дивиденда за 2019 година и утврдување на дивиденден календар, Претседавачот на Собранието констатираше дека:

- Дивидендата за 2019 година во вкупен бруто износ од 92.393.994 денари, се предлага да се исплати од нераспределените Акумулирани добивки на Друштвото до 31.12.2008 година;
- Дивиденда бруто по акција ќе изнесува 227,000 денари;
- Последен ден на тргување со право на дивиденда е 29.04.2020 година;
- Прв ден на тргување без право на дивиденда е 30.04.2020 година;
- Исплатата на дивиденда ќе биде во законски рок.

Потоа, Претседавачот на Собранието констатираше дека материјалите за оваа точка од дневниот ред беа подготвени и достапни на увид на учесниците на Собранието на акционери на тој начин што беа објавени на интернет страната на Системот за електронско известување од котирани акционерски друштва СЕИ НЕТ и на официјалната интернет страна на Друштвото.

Се констатира дека предлогот по осмата точка од дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА“, односно 280.816 гласа „ЗА“ (100%), 0 гласа „ПРОТИВ“ (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН“ (0%).

Претседавачот на Собранието констатираше дека беше усвоена предлог одлуката и донесена следната одлука:

**- Одлука за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар за 2019 година.**

**9.**

Во врска со деветата точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието посочи дека по превземената активност за избор на ревизорска куќа за деловната 2020 година и врз основа на прибавените понуди, предложена е ревизорската куќа Рафајловски Ревизија ДОО Скопје, која и минатата година вршеше ревизија во Друштвото.

Потоа, Претседавачот на Собранието констатираше дека материјалите за оваа точка од дневниот ред беа подготвени и достапни на увид на учесниците на Собранието на акционери на тој начин што беа објавени на интернет страната на Системот за електронско известување

од котирани акционерски друштва СЕИ НЕТ и на официјалната интернет страна на Друштвото.

Се констатира дека предлогот по деветата точка од дневниот ред е ставен на гласање и едногласно усвоен, односно дека во сите пристигнати уредно пополнети обрасци за гласање преку кореспонденција во писмена форма акционерите гласале „ЗА", односно 280.816 гласа „ЗА" (100%), 0 гласа „ПРОТИВ" (0%) и 0 гласа „ВОЗДРЖАН" (0%).

Претседавачот на Собранието констатираше дека беше усвоена предлог одлуката и донесена следната одлука:

- **Одлука за избор на овластен ревизор за 2020 година.**

Бидејќи дискусијата по сите точки од Дневниот ред беше исцрпена, Претседавачот на Собранието на акционери седницата ја прогласи за затворена во 13,00 часот.

**"Македонијатурист" АД Скопје**

**Записничар,** **Претседавач на Собрание,**

Раде Орцановски Мирјана Куцуловска

**Верификациона комисија,**

1. Владо Богдановски
2. Мицко Гилевски
3. Иван Шаревски

**Бројач на гласови,**

1. Васка Богоеска